Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 12**

**12.06.2018**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на ОДЛУКАТА за формирање Локален Совет за превенција**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање Локален Совет за превенција донесена на продолжението од дванаесетта седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.06.2018година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-583/1 Општина Демир Хисар**
**12.06.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

162.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 11, став 3 и член 25, став 3 од Законот за полиција („Службен весник на РМ„ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 61/18) и член 43, став 43 и член 88, став 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 08.06.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на Локален Совет за Превенција

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Демир Хисар како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Совет за Превенција е составен од пратставници на локалната и централната власт како и други владини и невладини организации во следниот состав:

- Градоначалник на општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски
- Јавно обвинителство на РМ-Јавен обвинител
- Командир на Полициска станица-Демир Хисар
- Претседател на Совет на општина Демир Хисар
- Координатори на советнички групи во Советот на општина Демир Хисар
- Командир на ТППЕ Демир Хисар
- Директор на ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар
- Директор на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар
- Директор на ОУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар
- Директор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар
- Директор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар
- Директор на ЈУ „Психијатриска болница“ Демир Хисар
- Директор на Дом на култура ,,Илинден,, Демир Хисар
- Директор на ЈОУДГ ,,Втори Септември,, Демир Хисар
- Директор на ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар
- Директор на ЈКП ,,Комуналец,, Демир Хисар
- Директор на ЈП Македонски шуми ПЕ „Бигла“ Демир Хисар
- Претставници на невладини организации
- Претставници на МЗ
- Претставници на бизнис секторот
- Претставници од религиозните заедници

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на општина Демир Хисар, Марјанче Стојановски, а негов заменик е Претседателот на Совет на општина Демир Хисар.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Демир Хисар,,.

Бр. 17-525/5 Претседател
08.06.2018 г. на Совет на општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКАТА за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација на КП бр. 1047, КО Журче, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Добре Тренчевски од Битола донесена на продолжениeто од дванаесетта седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.06.2018година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-583/2 Општина Демир Хисар**
**12.06.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

163.Врз основа на член 8 од Законот за постапување со со бесправно иградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.06.2018 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1047, КО Журче, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Добре Тренчевски од Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-525/6 Совет на општина Демир Хисар
08.06.2018 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКАТА за изработка и одобрување на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица)**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка и одобрување на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица) донесена на продолжението од дванаесетта седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.06.2018година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-583/3 Општина Демир Хисар**
**12.06.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

164. Врз основа на член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/2014 и Измените на Законот), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.06.2018 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За изработка и одобрување на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица)*

**Член 1**

1.Да се Изработи на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица) во должина од 500м. Ширината и длабочината на речното корито ке се пресмета согласно водостопански услови за проектирање, издадени од Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање и состојбата на лице место.

2.Иницијативата за изработка на проект за инфраструктура за регулација на речното корито на Стара Река, произлезе од потребата да се регулира речниот тек, кој по поголеми врнежи го менува својот тек и го поплавува околниот терен.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-525/7 Совет на општина Демир Хисар
08.06.2018 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКАТА за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2018 година донесена на продолжението од дванаесетта седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 08.06.2018година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-583/4 Општина Демир Хисар**
**12.06.2018 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

165.Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/2014 и измените на Законот), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 08.06.2018 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2018год.***

**Член 1**

Во членот 1, во глава VI, која се однесува на Урбанистичко-проектна документација, која согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се внесува во Годишната програма на општината за урбанистичко планирање, по точката 5, се додава нова точка 6, која гласи:

**6.** Изработка на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица) во должина од 500м. Ширината и длабочината на речното корито ке се пресмета согласно водостопански услови за проектирање, издадени од Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање и состојбата на лице место.

По глава VI додава нова точка 3, која се однесува на Законот за легализација на бесправно изградени објекти:

3. Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1047, КО Журче, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на лицето Добре Тренчевски од Битола.

Член 2

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2018год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-525/8 Совет на општина Демир Хисар
08.06.2018 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

---

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за формирање Локален Совет за превенција----------------------------------------------1-2
2.Одлука за вклопување на на бесправно изграден стамбен објект во идната планска документација за КО Журче за Добре Тренчевски од Битола------2
3.Одлука за изработка и одобрување на Проект за инфраструктура за регулација на речно корито на Стара Река (Обедничица)-----------------------------3
4.Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2018 година----------------------------------------------4

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**